# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА ВО 2018

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените

# ЗА ЕСЕ

Здружението ЕСЕ е граѓанска организација која работи на подобрување на имплементацијата на социјалните и економски права на ранливите групи на граѓани, преку нивно зајакнување, мобилизирање и вклучување во планирањето, спроведувањето и оценувањето на јавните политики и услуги во Р. Македонија.

ЕСЕ се води од својата посветеност кон решенија на проблемите. По пат на промовирање и унапредување на човековите права ја подобруваме социјалната и економската правда, притоа сметајќи дека правата на човекот претставуваат неделив збир од стандарди што треба сите да ги уживаат. Посебно сме посветени на работата на полето на промовирање и унапредување на здравствените права и правата на жените. Затоа сме фокусирани на две цели – да излеземе во пресрет на итните потреби на граѓаните, посебно на ранливите групи, и да влијаеме при креирањето на одржливи, долгорочни промени. Правиме многу повеќе од документирање, пријавување и осуда на нанесените неправди. Обезбедуваме правна и параправна помош и на тој начин им овозможуваме на граѓаните да ги остварат своите права и да ги променат условите во кои живеат. Но, уште повеќе, се застапуваме за менување на законите и политиките што влијаат врз спроведувањето на здравствените права и правата на жените. Застапуваме на национално, но, и на меѓународно ниво. Подготвуваме и поднесуваме „извештаи во сенка“ и други видови документи за спроведување на меѓународните документи за правата на човекот пред одговорните меѓународни тела.

# СОДРЖИНА


| | | |
|---|---|---|
| | НАЈЗНАЧАЈНИ ПОСТИГНУВАЊА ВО 2018 ГОДИНА | 4 |
| 1 | ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ВО ПРОЦЕСИТЕ НА ПЛАНИРАЊЕ, СПРОВЕДУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА, БУЏЕТИ И УСЛУГИ ВО ОБЛАСТИТЕ НА СОЦИЈАЛНИ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА | 7 |
| 2 | ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЕДНАКОВ ПРИСТАП ДО ПРАВДА ВО ОБЛАСТИТЕ НА СОЦИЈАЛНИ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА | 19 |
| 3 | УНАПРЕДУВАЊЕ НА ФИСКАЛНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ИНСТИТУЦИИТЕ ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНИТЕ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА | 28 |
| | ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ | 32 |

# НАЈЗНАЧАЈНИ ПОСТИГНУВАЊА ВО 2018 ГОДИНА

- Двојно го зголемивме бројот на граѓански организации (од три на седум) на кои им обезбедуваме техничка поддршка во имплементација на методологиите на социјална отчетност и правно зајакнување и тоа на полето на за унапредување на здравјето на Ромите и на полето на вработливост и вработеност на жените.
- Го зголемивме и бројот на организации од Југоисточна Европа за кои обезбедуваме обука и експертска поддршка за имплементација на методологиите на социјална отчетност и правно зајакнување, како и наше учество во Европските иницијативи за унапредување на здравјето на Ромите. Од две организации на кои традиционално им обезбедуваме ваков вид на помош и поддршка во 2018 година ваков вид на обука и рамена на искуство обезбедивме на 18 организации.
- Како резултат на нашите заложби и соработка, две јавни институции ќе пилотираат спроведување на методологиите за социјална отчетност, односно  Министерството за здравство ќе го следи спроведувањето на програмите на ова Министерството, а Агенцијата за вработување ќе го следи спроведувањето на програмите и мерките за вработување.
- Го унапредивме начинот на прибирање на потребни податоци од Ромската заедница и го зголемивме опфатот на лица со активностите.
- 826 лица, од кои 407 мажи и 419 жени во четири града низ Републиката опфативме со цел утврдување на состојбата по однос на пристапот и користењето на активните мерки за вработување и услугите кои ги обезбедува Агенцијата за вработување.
- Втора година по ред прибираме податоци и правиме анализи на  трошоците за правна заштита и пристап до правда на жените кои претрпеле насилство. Овие напори оваа година ги надополнивме со прибирање и анализа на податоците за користењето на правото на ослободување од судски такси и

други трошоци во судската постапката во граѓански судски спорови за жените кои претрпеле насилство.

- 30, односно 21 параправник ги зајакнаа своите познавања од областа на граѓанското и казненото право, граѓанската и кривичната постапка, како и семејното насилство и вознемирување на работно место со цел овозможување на еднаков пристап до правда преку обезбедување параправна помош на Ромите, сексуалните работнички, текстилните работници и други ранливи групи на граѓани во нашата земја.
- 226 судски рочишта за семејно насилство беа набљудувани во текот на 2018 година. Дополнително спроведовме увид во 33 завршени кривични предмети за семејно насилство со цел унапредување на аспектите на постапување и обезбедување на соодветна и навремена судска заштита.
- На 182 лица им обезбедивме правни помош преку обезбедување на правни совети и подготовка на писмени поднесоци, додека на 51 лице обезбедивме психолошко советување.
- За зголемување на јавната свесност за значењето на фискалната транспарентност и потребата од буџетирање засновано на приоритети преку кампањата, правото на вработување и пристап до активните програми и мерки за вработување и воопшто за сите прашања на кои работи ЕСЕ подготвивме 1.184 информации. Содржините поставени на социјалните медиуми за сите три прашања беа посетени во приближно 2,1 милион наврати, додека содржините објавени на трите интернет страни допреа до 12,5 илјади лица.
- До 91 јавна институција доставивме препораки за унапредување на нивната реактивната и проактивна транспарентност.
- Владата на РМ усвои пет препорачани мерки за унапредување на фискална транспарентност и пристап до информации во процесот на Отворено владино партнерство во рамки на планот за 2018 – 2020 година.
- Министерството за здравство со техничка помош и поддршка на ЕСЕ подготви и објави извештаи за програмска и буџетска имплементација на 19 превентивни и куративни програми.



# СТРАТЕШКИ ОПРЕДЕЛБИ

# 1

# ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ВО ПРОЦЕСИТЕ НА ПЛАНИРАЊЕ, СПРОВЕДУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА, БУЏЕТИ И УСЛУГИ ВО ОБЛАСТИТЕ НА СОЦИЈАЛНИ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА



# 1.1.

## ЗАЈАКНУВАЊЕ И ПРОМОЦИЈА НА ВКЛУЧУВАЊЕТО НА ГРАЃАНИТЕ ВО ПРОЦЕСИ НА ПЛАНИРАЊЕ, СПРОВЕДУВАЊЕ И ОЦЕНКА НА ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА, БУЏЕТИ И УСЛУГИ ПРЕКУ СОЦИЈАЛНА ОТЧЕТНОСТ И ПРАВНО ЗАЈАКНУВАЊЕ

Во однос на јакнење на капацитетите на ромските граѓански организации и обезбедената техничка поддршка за спроведување на интегрираниот пристап (социјална отчетност и правно зајакнување) со цел унапредување на здравјето на Ромските заедници, во тек на 2018 година продолживме со обезбедување на техничка поддршка на трите ромски партнерски организации, кои работат во општините Шуто Оризари, Делчево, Пехчево и Виница. Односно им обезбедивме техничка поддршка во процесот на подготовка на картичките за оценка од заедницата. Картичките за оценка од заедницата се базираат на наодите добиени преку спроведениот прашалник при влезот во ромските домаќинства кој беше спроведен во 2017 година. Преку техничката поддршка им беше овозможено соодветно да ги претстават наодите добиени од ромската заедницата по однос на здравјето и пристапот до здравствената заштита за мајките и децата и женското репродуктивно здравје во областите во кои што работат. Техничка поддршка обезбедивме и за подготовка на стратегии за застапување за унапредување на здравјето на мајките и децата и женското репродуктивно здравје за ромските заедници во кои работат партнерските организации, во соработка со надворешен експерт. Преку овој процес им беше овозможено да подготват локални стратегии за застапување базирани на наодите од ромската заедница и да предвидат вклучување на заедницата во процесот на застапување. Како резултат беа подготвен две стратегии, едната од страна на КХАМ за општините Делчево, Пехчево и Виница и една од страна на ИРИЗ и Романо Чачипе за општината Шуто Оризари. Воедно, подготвивме формулари за известување за спроведувањето на локалните стратегии. Партнерските ромски организации доставија полугодишни извештаи, а во почеток на 2019 година ќе достават и годишни извештаи. Извештаите ќе послужат за евалуација на спроведувањето на стратегиите и унапредување на подготовката и спроведувањето на стратегиите за 2019 година. Со цел едукација и информација на ромската заедница за здравствените права по однос на здравствената заштита на жените, мајките и децата, како и за правата на пациентите во рамки на техничката поддршка подготвивме материјали и насоки за едукација на следните теми: женско репродуктивно здравје и здравствена заштита поврзана со истото, здравје на мајките и децата и здравствена заштита, права од здравственото осигурување; заштита на правата на пациентите и постапување по однос на евиденцијата за примени вакцини за децата кои со своите родители заминуваат во странство. Врз основа на подготвените материјали фацилитаторите од партнерските ромски организации спроведоа едукации во ромските заедници. Во соработка со партнерските ромски организации подготвивме нацрт план за

зголемување на опфатот на ромски домаќинства со интергирaниот пристап. При тоа за цел имаме да ги опфатиме ранливите ромски домаќинства, односно оние кои имаат најголема потреба за унапредување на пристапот до здравствената заштита.

Во 2018 година во општината Шуто Оризари на интегрираниот пристап започна да работи ново формираната ромска граѓанска организација Романо Чачипе. Дел од персоналот на организацијата имаше искуство во работата на овој пристап, меѓутоа дел од фацилитаторите и аниматорите беа почетници. Во таа насока подготвивме и спроведовме четиридневна обука за фацилитаторите и аниматорите во соработка со надворешни експерти. На обуката беа обработени следните теми: здравје и право на здравје, здравствен систем и финансирање на здравствениот систем, здравје на мајките и децата, женско и репродуктивно здравје, права од здравствено осигурување, заштита на здравствени права, остварување на право за пристап до информации од јавен карактер. Воедно, на обуката беа презентирани и методологиите за работа, односно мониторинг во заедницата, мониторинг и анализа на буџети, социјална ревизија и обезбедување на параправна помош. Преку обуката беа зајакнати капацитетите на тринаесет претставници од новоформираната организација(фацилитаторите и аниматорите), со цел истите да можат соодветно да ја спроведуваат работата на интегрираниот пристап во ромските заедници во Шуто Оризари.

Во однос на јакнење на капацитетите на граѓанските организации кои работат на полето на вработливост и вработеност на жените за спроведување на методологиите на социјална отчетност,во текот на 2018 година, ЕСЕ во соработка со Акција Здруженска од Скопје, обезбеди техничка помош и поддршка во развивање и примена на методологиите на социјална отчетност на четири локални граѓански организации (Младинскиот културен центар од Битола, Женскиот форум од Тетово, Граѓанската иницијатива на жените од Св. Николе и Организацијата на жените од Струмица). Во таа насока, на овие граѓански организации, ЕСЕ им обезбеди техничка помош и поддршка во следните чекори од методологијата за социјална отчетност: мапирање на заедницата, мапирање на одговорни институции, влез во домаќинствата и спроведување на истражување во заедницата, изработка на картичка за оценка на заедницата, валидација на резултатите со заедницата, едукација на заедницата и спроведување на активности за застапување. Во процесот на мапирање на заедницата, а со цел да се овозможи идентификување на потенцијалните и актуелните корисници на активните мерки и услуги за вработување, за потребите на четирите граѓански организации, ЕСЕ разви насоки на спроведување на мапирањето и во секоја општина фацилитираше по една средба за мапирање на заедницата. Во текот на 2018 година, преку процесот на мапирање на заедницата беа идентификувани 1.680 домаќинства и 3.932 членови на домаќинствата од 11 населени места во четирите општини, од кои 1.161 невработени граѓани и 55 корисници на активните мерки и услуги за вработување. Покрај за мапирањето на заедницата во текот на 2018 година, на четирите локални

организации, ЕСЕ им обезбеди техничка помош и поддршка и во текот на спроведувањето на процесот на мапирање на јавните институции и лица кои се одговорни за развивање и спроведување на активните мерки и услуги за вработување. Во текот на процесот на мапирање на јавните институции идентификувани се 31 лице одговорно за креирање и спроведување на активните мерки и услуги за вработување во четирите општини. За спроведување на активностите за влез во домаќинствата и истражување во заедницата, во 2018 година, ЕСЕ обезбеди помош и поддршка во развивање на прашалниците за влез во домаќинствата, развивање на сценарија за фокус групи и развивање на насоки за спроведување на истите. Преку спроведувањето на активностите за влез во домаќинствата и истражувањето во заедницата имавме за цел да го оцениме бенефитот што го почувствувале граѓаните од потрошените средства за спроведување на активните програми, мерки и услуги за вработување, со посебен фокус на компонентите 1.1.1., 2.1. и 6. од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот. Во таа насока, го оценувавме пристапот на невработените граѓани до мерките, програмите и услугите за вработување преку регистрација во евиденцијата на АВРМ; запознаеност на невработените граѓани со мерките, програмите и услугите за вработување; степенот на користење на мерките, програмите и услугите за вработување од страна на невработените граѓани; степенот на задоволство на невработените граѓани од мерките, програмите и услугите за вработување; степенот на корисност на мерките, програмите и услугите за вработување на невработените граѓани; степенот на користење, квалитет, информираност и корисност на програмата за самовработување, Македонија вработува и услугите за вработување на невработените граѓани. Истите аспекти се испитувани кај граѓаните што се вработени како резултат на користење на активните програми, мерки и услуги за вработување. Преку активноста за влез во домаќинствата и истражување беа опфатени 826 невработени лица, од кои 407 се мажи, а 419 се жени, како и вкупно 56 вработени лица како резултат на користење на активните програми и мерки за вработување од кои 33 се мажи, а 23 се жени. Дополнително, преку организирање на шест фокус групи беа опфатени вкупно 72 невработени жени и лицата кои се вработени како резултат на активните мерки и услуги за вработување. Врз основа на резултатите добиени од спроведеното истражување беа подготвени четири картички за оценка на заедницата. Во процесот на подготовка на картичките, ЕСЕ обезбеди:бази за анализа на податоци, помош при обработка и анализа на податоците и помош во презентирање на наодите во облик на картичка за оценка на заедницата. Со цел потврдување на наодите од спроведена анализа, ЕСЕ им помогна на четирите локални граѓански организации во спроведување на шест настани за валидација на резултатите на кои учествуваа вкупно 85 граѓани. Понатаму, со цел запознавање на невработените граѓаните со нивните права за вработување кои произлегуваат од Оперативниот план за активни мерки, програми и услуги за вработување, по спроведувањето на активностите за влез во домаќинствата, а во соработка со подрачните единици на Агенцијата за вработување во четирите

општини, беа спроведени вкупно 16 едукативни работилници со кои беа опфатени вкупно 194 невработени граѓани. Во насока на унапредување на идентификуваните ограничувања во уживањето на правото на вработување и пристапот до активни мерки и услуги за вработување, во соработка со локалните граѓански организации беа спроведени четири локални јавни дебати и една национална конференција. Дополнително, во овој процес беше изработено едно кратко документарно видео и беа развиени и доставени препораки за унапредување на буџетското и програмското спроведување на активните политики за вработување и унапредување на пристапот на граѓаните до истите до шест одговорни институции на национално ниво и осум одговорни институции на локално ниво.

Здружение ЕСЕ во континуитет работи на јакнење на капацитетите на граѓанските организации од Македонија, регионот на Југоисточна Европа и Азија за примена на методологиите на социјална отчетност (мониторинг и анализа на буџети, мониторинг во заедницата, социјална ревизија). Во таа насока подготвивме и спроведовме: една дводневна обука за методологиите на социјална отчетност – мониторинг во заедницата и социјална ревизија за граѓанските организации Thirst for life од Сливен, Бугарија и O del Amenca од Фетешти, Романија. На обуката учествуваа девет претставници од двете граѓански организации. Целта на обуката беше да се зајакнат капацитетите на овие две организации за спроведување на методологиите на социјална отчетност со цел унапредување на здравјето и пристапот до здравствена заштита за ромското население во областите каде што работат организациите. Двете организации за прв пат започнаа со спроведување на овие методологии во 2018 година. Дополнително, во текот на 2018 година, беа организирани четири еднодневни обуки на повеќе од 40 учесници за организации кои работат во областа на намалување на штети од употреба на дроги во организација на Јувентас Црна Гора, Маргина од Босна и Херцеговина, и Превент од Србија, Целта на обуките беше да се зајакнат капацитетите на овие организации за спроведување на методологијата за мониторинг и анализа на буџети со цел одржливост на програмите за намалување на штети од употреба на дроги преку финансирање од национални извори на средства. Сите организации за прв пат започнаа со спроведување на оваа методологија во 2018 година. Покрај спроведените обуки, во 2018 година на Јувентас од Црна Гора, Маргина од Босна и Херцеговина и Превент од Србија им обезбедивме менторска помош и поддршка во развивање на планови за аплицирање на методологијата за мониторинг на буџети и буџетско застапување. Исто така, подготвивме и спроведовме тридневна обука за граѓански организации кои работат на полето на унапредување на здравјето и пристапот до здравствена заштита за Ромите од Македонија и регионот на Централна и  југоисточна Европа. На обуката учествуваа 37 учесници од 18 граѓански организации од Македонија, Бугарија, Романија, Унгарија и Словачка На обуката беа обработени следните теми: методологии на социјална отчетност (мониторинг во заедница, социјална ревизија и мониторинг и анализа на буџети), правно зајакнување и обезбедување на параправна помош, процес на спојување на

концептите на социјална отчетност и правно зајакнување. Воедно обуката ја осмисливме на начин на кој на организациите од сите земји им овозможивме да ја претстават својата работа и да разменат искуства од работата на спроведувањето на овие методологии. Обуката имаше за цел да ги зајакне капацитетите на граѓанските организации кои работат на полето на унапредување на здравјето на Ромите за примена на споменатите методологии.

Како резултат на континуираните напори на ЕСЕ за јакнење на капацитетите на граѓанските организации за примена на методологиите за мониторинг и анализа на буџети, во текот на 2018 година со цел да ги поддржиме напорите на застапување на организации на пациенти за унапредување на пристапот на лицата со ретки болести до навремена и соодветна терапија, подготвивме и публикувавме буџетска анализа на Програмата за лекување на ретки болести за 2017 година. Дополнително, во таа насока обезбедивме и техничка помош и поддршка на граѓанската организација ХОПС - Опции за здрав живот од Скопје во обезбедување и анализа на податоци за управувањето со средствата прибрани од акцизи за цигари, етил алкохол и пиво префрлени во буџетот на Министерството за здравство за унапредување на пристапот до здравствените услуги.

# 1.2.

## ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ И ГО-и ВО КРЕИРАЊЕ, СПРОВЕДУВАЊЕ И МОНИТОРИНГ НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА, БУЏЕТИ И УСЛУГИ

Преку Акцискиот план за Отворено владино партнерство 2018 – 2020 година, Владата на РМ, ги обврза Министерството за здравство и Агенцијата за вработување на РМ да пилотираат примена на методологиите на социјална отчетност со цел мониторинг и евалуација на Програмата за заштита на населението од ХИВ/СИДА и оперативниот план на активни мерки и услуги за вработување. Во таа насока во 2018 година одржавме три средби со претставници од Министерството за здравство со цел презентирање на методологиите на социјална отчетност на кои работи ЕСЕ (мониторинг на буџети, мониторинг во заедницата и социјална ревизија) и договарање на фазите на спроведување на пилотирањето. На средбите беше договорено, во октомври 2018 година, ЕСЕ да спроведе една воведна обука во методологиите за кадарот на Министерството за здравство кој работи на координирање на здравствените програми и граѓански организации кои работат на полето на ХИВ/СИДА, како и да модерира работилница за креирање на план на активности за спроведување на методологиите за социјална отчетност. Обуката и работилницата по барање на министерството се одложени за 2019 година. Истиот процес покрај во министерството беше реализиран и во Агенцијата за вработување

на РМ. Со агенцијата беше одржана една средба со цел презентирање на методологиите на социјална отчетност на кои работи ЕСЕ и договарање на фазите на спроведување на пилотирањето. Како период за одржување на обуката и работилницата, како и почеток на пилотирањето беше идентификуван месец март, 2019 година.

# 1.3.

## ПОДОБРУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО И ПРИСТАПОТ КОН ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ЗА ЖЕНИ, МАЈКИ И ДЕЦА

Во 2018 година формиравме работна експертска група за утврдување на причините за порастот на перинаталната и новороденечка смртност во Република Македонија. Во работната група учествуваат експерти од следните области: статистика, јавно здравје, педијатрија-неонатологија, патронажа, гинекологија и акушерство. Во групата членуваат претставници на: Државен завод за статистика, Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство, Универзитетска клиника за детски болести, Институт за јавно здравје, Клиничка болница Тетово, Здравствен дом – Штип, Здружението на приватни гинеколози – акушери на Република Македонија. Преку работата на експертската група во 2018 година прибравме дополнителни податоци по однос на состојбите поврзани со перинаталната и новороденечката смртност и прибравме мислењата на експертите по однос на проблемот кои се базираат на искуствата од нивната работа. Воедно, експертите подготвија пет анализи по однос на предметот на работа. Врз основа на прибраните податоци и анализите од експертите во месец јануари 2019 година ќе биде подготвена анализа по однос на состојбите и можните причини за порастот на перинаталната и новороденечката смртност во РМ во изминатите години.

Во 2018 година спроведен е мониторинг на целокупниот буџет наменет за унапредување и заштита на женското репродуктивно здравје и оценка на влијанието на постоечките макроекономски политики врз пристапот до здравствена заштита и услуги на жените, мајките и децата. Анализата се базира на јавно достапните податоци и податоци добиени преку постапката за пристап до информации од јавен карактер и има за цел утврдување на негативните влијанија врз здравствениот сектор од страна на одредени одлуки од страна на Владата во областа на макроекономската политики, како и утврдување на буџетски ставки од каде е можна реалокација на средства за здравствените услуги за унапредување на здравјето на жените, мајките и децата.Оваа анализа ја подготвивме со техничка помош и поддршка од консултантката Росио Морено Лопез. Добиените резултати беа презентирани во краток документ за застапување кој содржи и препораки за унапредување на идентификуваните пречки. Овој документ го доставивме до Министерството за финансии, Владатана РМ и Министерството за здравство.

Во 2018 година подготвивме анализи и по однос на програмското и буџетското планирање и спроведување на четири програми на Министерството за здравство кои се кои се однесуваат на унапредување на здравјето на мајките и децата и унапредување на репродуктивното здравје на жените за 2016 година. Односно, подготвивме анализи за спроведувањето на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата, Програмата за систематски прегледи на учениците и студентите, Програмата за рана детекција на малигни заболувања – компонентата за скрининг на рак на грло на матка и Програмата за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Македонија (во делот на покривање на партиципацијата за породувања). Преку анализите утврдени се клучните проблеми и недостатоци и формулирани се препораки за унапредување на овие програми во наредната 2019 година, со посебен осврт на зголемен опфат на целните групи од населението со овие програми. Анализите и препораките ги доставивме до Министерот за здравство и Министерот за финансии. Одржавме состанок со двајца претставници од кабинетот на министерот за здравство на кој ги образложивме наодите и барањата за унапредување на подготовката и спроведувањето на програмите, како и за унапредување на опфатот на населението со превентивна здравствена заштита. Подготвивме соопштенија за медиуми во кои ги презентиравме дадени клучните наоди и препораки од анализите. И организиравме брифинг за новинари по однос на утврдените проблеми и недостатоци за програмите кои се однесуваат на унапредување на здравјето на мајките и децата.

Земајќи го предвид континуитетот во работата на ЕСЕ за мониторинг на програмите на Министерството за здравство во 2018 година спроведовме постапка за прибирање на податоци за програмската и буџетската имплементација на четири превентивни програми на Министерството за здравство за 2017 година кои се однесуваат на унапредување на здравјето на мајките и децата и унапредување на репродуктивното здравје на жените (Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата, Програмата за систематски прегледи на учениците и студентите, Програмата за рана детекција на малигни заболувања – компонентата за скрининг на рак на грло на матката, и Програмата за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Македонија - во делот на покривање на партиципацијата за породувања). Постапката се состоеше во прибирање на јавно достапните податоци и податоци преку поднесување на барања за пристап до информации од јавен карактер. Барањата за пристап до информации од јавен карактер беа поднесени до Министерството за здравство и сите јавни здравствени установи кои ги имплементираат програмите. Добиените податоци беа внесени во електронска база на податоци. Врз основа на подготвената анализа на податоците ќе биде подготвен документ со анализа со цел да се прикаже степенот

на реализација на програмите, утврдените недостатоци и препораки за нивно унапредување.

Во 2018 година учествувавме во работната група на Министерството за здравство за подготовка на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата за 2018 година, при што поднесовме барање со предлог мерки кои треба да бидат вклучени со цел унапредување на превентивната здравствена заштита на мајките и децата, со посебен осврт на ранливите групи (ромски и рурални заедници). Земавме учество и во две мисии на Светската здравствена организација (СЗО) спроведени во нашата земја. Односно, учествувавме во мисијата организирана во соработка на Министерството за здравство и СЗО со цел да се направи проценка по однос на намалување на новороденечката смртност, унапредување на здравјето на жените за време на бременоста, како и унапредување на здравјето на децата. Преку учество на работните средби ги презентиравме наодите од работата на ЕСЕ на ова поле, како и препораките за унапредување на состојбите. Исто така, учествуваме и во мисијата организирана од Министерството за здравство и СЗО за реформи на примарната здравствена заштита. ЕСЕ ги презентираше своите наоди и препораки од својот домен на работа, пред се по однос на патронажната служба, матичните гинеколози и превентивните тимови за детско здравје од здравствените домови. Имавме можност да ги презентираме своите заложби за вклучување на заедницата во процесот на планирање, спроведување и евалуација на здравствените услуги на примарно ниво, со посебен акцент на ранливите групи од населението. Како резултат на оваа мисија која е се уште во тек се очекува да се подготви документот со препораки за реформи на примарната здравствена заштита во март 2019 година.

Во 2018 година во рамки на ЕСЕ продолжи со работа Женскиот здравствен информативен центар со цел обезбедување на бесплатни, квалитетни и веродостојни информации и советување за жените во врска со репродуктивното здравје, менопауза и остеопороза, како и да понуди бесплатни услуги. Во тек на 2018 година во центарот се обратија 28 жени со цел да добијат здравствени информации, како и за мерење на крвниот притисок.

# 1.4.

## ПОДОБРУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО И ПРИСТАПОТ КОН ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ЗА РОМИ

Во подготвените анализи за спроведување на програмите на Министерството за здравство (опишани во делот 1.3.) одделно ги прикажавме утврдените состојби и проблеми по однос на опфатот на ромското население со превентивна здравствена заштита за мајките и децата и женското репродуктивно здравје, како и по однос на опфатот со активностите предвидени во три превентивни програми (Програмата за

активна здравствена заштита на мајките и децата, Програмата за систематски прегледи на учениците и студентите, Програмата за рана детекција на малигни заболувања – компонентата за скрининг на рак на грло на матката). Воедно за потребите на застапувањето, подготвивме препораки за зголемен опфат со превентивната здравствена заштита за овие ранливи групи од ромската заедница. Анализите се базираа на наодите од ромските заедници, прибрани преку спроведувањето на интегрираниот пристап и добиени преку спроведениот прашалник за влез во домаќинствата.

Во 2018 година подготвивме и спроведовме Национална стратегија за застапување за унапредување на здравјето и здравствената заштита на Ромите, со посебен фокус на мајките и децата и женското репродуктивно здравје на оваа заедница. Согласно на стратегијата во дописите испратени до Министерот за здравство (опишани во делот 1.3.) побаравме спроведување на конкретни мерки и активности за унапредување на здравјето на жените, мајките и децата од ромската заедница преку зголемен опфат со превентивната здравствена заштита. Со таа цел побаравме и усвојување на мерки и активности во превентивните програми на Министерството за здравство наменети за ромските средини. Наодите и препораките ги образложивме и на состанок со претставниците од кабинетот на Министерот за здравство.

Го преработивме прашалникот за влез во ромските домаќинства со цел да се зголеми ефикасноста на спроведување и да се подобри квалитетот на прибраните податоци. Преработката ја направивме врз основа на наодите и искуствата од првичното спроведување на прашалникот во 2017 година. Преработениот прашалник ќе биде спроведен на терен во ромските домаќинства во 2019 година.

Во 2018 година ЕСЕ учествуваше на 12-от состанок на Европската платформа за инклузија на Ромите на работилница за здравствените нееднаквости со кои се соочуваат Ромите во Европа. Состанокот и работилницата беа организирани од страна на Европската комисија, а се одржаа во Брисел. На работилницата беа претставени наодите од работата на ЕСЕ на полето на унапредување на здравјето на Ромите и дадовме препораки на унапредување на здравјето на Ромите.

# 1.5.

## ПОДОБРУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ НА ЖЕНИТЕ ДО ПАЗАРОТ НА ТРУД

Покрај подготвената анализа во која се прикажани наодите од спроведеното истражување во заедницата во општините Битола, Тетово, Св. Николе и Струмица (во детали опишано во точка 1.1. од овој извештај), во 2018 година ЕСЕ продолжи со активностите за следење на програмската и буџетската реализација на

Оперативните планови за активни мерки и услуги за вработување на национално ниво. Во текот на 2018 година, податоците добиени преку спроведениот мониторинг за периодот од 2014 до 2016 година, беа надополнети со податоци кои се однесуваат на 2017 година. Добиените резултати од спроведениот мониторинг на национално ниво комбинирани со наодите од локалните заедници беа прикажани во една сумарна студијата насловена „Дали и колку граѓаните чувствуваат бенефит од спроведувањето на активните мерки, програми и услуги за вработување“. Покрај аспектите прикажани во точка 1.1. во овој извештај, студијата дава осврт и на финансиското работење на Агенцијата за вработување (АВРМ); движењето на средствата предвидени за спроведување на активните програми, мерки и услуги за вработување во истиот временски период; програмското и буџетското спроведување на три програми, мерки и услуги за вработување за кои од буџетот на Агенцијата се издвојува најголем износ на средства секоја фискална година и кои се од посебен фокус на оваа анализа. Предмет на анализата беа Програмата за самовработување (компонента 1.1.1. од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2017 година), Програмата за субвенционирано вработување (компонента 2.3. од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2017 година) и Услугите за вработување на Агенцијата (компонента 6. во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2017 година). Во студијата дадовме препораки за унапредување на буџетското и програмското работење на агенцијата и унапредување на пристапот на граѓаните до активните мерки и услуги за вработување.

Добиените наоди и препораки беа презентирани на четири локални јавни дебати на кои присуствуваа претставници на подрачните одделенија на АВРМ, Центрите за социјална помош, локалната самоуправа, локалните граѓански организации, медиумите и засегнатите граѓани. Покрај локалните јавни дебати, на национално ниво беше организирана национална конференција на која присуствуваа 63 лица, односно претставници на АВРМ, МТСП, Делегацијата на ЕУ во Македонија, Владата на РМ, подрачни единици на АВРМ, граѓански организации, и граѓани-корисници на мерките и услугите. Националната конференција во живо ја следеа вкупно 4.079 лица. За потребите на националната конференција во соработка со локалните партнерски организации подготвивме краток документарен филм кој преку социјалните медиуми го гледале 1.751 лице. Препораките кои беа презентирани на јавните настани беа сумирани во еден документ со препораки кој беше доставен до Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување на РМ, Владата на РМ, Генералниот секретаријат при Владата на РМ и Делегацијата на ЕУ.

# 1.6.

## НУДЕЊЕ НА СИСТЕМСКИ РЕШЕНИЈА ЗА НЕПЛАТЕНАТА РАБОТА ЗА НЕГА НА ТЕШКО БОЛНИ ЛИЦА

Во 2018 година подготвивме статистичка анализа на податоците прибрани преку теренската анкета по однос на обезбедување на нега за тешко болни лица во домаќинствата. Анализата е подготвена во соработка со надворешната консултантка Деби Бадлендер. Врз основа на оваа анализа во тек е подготовка на извештај од истражувањето. Извештајот ќе даде приказ на тоа како обезбедувањето на негата влијае врз сите аспекти од животот на поединците и семејствата кои обезбедуваат нега во своите домови. Воедно, анализата ќе даде приказ на проблемите со кои се соочуваат поединците и семејствата кои обезбедуваат нега за тешко болни лица во сопствените домови. Врз основа на наодите ќе бидат подготвени и препораки за унапредување на состојбите за овие лица и семејства.

# 2

# ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЕДНАКОВ ПРИСТАП ДО ПРАВДА ВО ОБЛАСТИТЕ НА СОЦИЈАЛНИ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА



# 2.1.

## ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПАРАПРАВНА ПОМОШ НА СИРОМАШНИТЕ И РАНЛИВИ ГРУПИ НА ГРАЃАНИ

Во текот на 2018 година ЕСЕ во соработка со граѓанските организации продолжи да ја применува методологијата за мерење на трошоци и квалитет на пристап до правда, врз основа на перспективата на оние кои остваруваат правда. Во континуитет на претходно преземените активности, во текот на оваа година продолживме со собирање на податоци за трошоците што претставниците на ранливите групи на граѓани ги имаат при решавањето на правните проблеми, како и валоризирање на можните придобивки од обезбедувањето на различните видови на правна помош меѓу корисниците на услуги. Во 2018 година податоци за трошоците на клиентите беа собрани од евиденцијата на шест ГО во период од шест месеци, при што беа собрани податоци за поголем број на завршени случаи. Крајната цел на овие активности е градење на капацитети на ГО за континуирано следење на овие трошоци на лицата кои им се обраќаат.

Во однос на зајакнување на познавањата и вештините на параправниците кои обезбедуваат параправна помош на различни ранливи групи на граѓани, а имајќи предвид улогата и значењето на параправниците како некој го олеснува и овозможува пристапот до правда, односно придонесува кон правно описменување и зајакнување на ранливите групи на граѓани, од клучно значење за соодветно и навремено информирање и запознавање на лицата со кои работат е токму нивната едукација и запознаеност со правата и одговорностите кои граѓаните на РМ треба да ги уживаат во различни сфери на општественото живеење. Оттаму, ЕСЕ како организација која започна со развивање и воспоставување на моделот на обезбедување на параправна помош и поддршка, како продолжение на напорите за почетна и континуирана едукација на параправниците кои работат на полето на обезбедување на ваков вид на помош и поддршка во Ромските заедници за остварување на правата на Ромите од областа на здравствената заштита, здравственото осигурување и заштитата на правата на пациентите, со помош на Фондацијата Отворено општество Македонија во рамките на Заедничката рамка за правно зајакнување, едукацијата наменета за параправниците ја прошири на други области на правото и на мнозинството на параправници кои во нашата земја обезбедуваат ваков вид на помош и поддршка. Во 2018 година врз основа на Прирачникот за едукација на параправниците продолживме со организирање на обуки наменети за параправниците кои обезбедуваат параправна помош и поддршка на различни ранливи групи на граѓани од страна на ГО ИРИЗ, Романо Чачипе, КХАМ, ХОПС, ХЕРА и Хелсиншки комитет за човекови права.

Врз основа на групните прашалници за проверка на стекнатото знаење од учесниците на обуките од претходната година, идентификувавме конкретни прашања и области каде што е потребно унапредување на знаењата и вештините на параправниците. За таа цел, спроведовме две – тридневни обуки со помош на истите обучувачи од претходната година со фокус на истите теми. На првата обука присуствуваа 30 лица (параправници и координаторите на проекти), додека на втората обука присуствуваа 21 лице – параправници. На втората обука не присуствуваа координаторите на проекти. Параправниците го зајакнаа своето знаење по однос на поделба на власта, извори на правото и поставеност на судовите во нашата земја; основи на судската граѓанска постапка; постапување на полицијата, јавното обвинителство и кривичните судови; семејното и наследното право; семејното насилство и вознемирување на работно место. Во консултации со обучувачите на последната обука со цел заокружување на познавањата на параправниците за веќе споменатите теми и прашања, подготвивме прашалници за проверка на знаењето (два прашалника). Параправниците беа поделени во две групи при што секој параправник доби прашалник со неговото име и презиме. Ваквиот вид на проверка на знаење ќе овозможи проверка на знаењето на индивидуално ниво, но и утврдување на организациските капацитети за обезбедување на параправна помош и поддршка. Покрај тоа, наодите од проверките се користат за утврдување на содржината и начинот на спроведување на идните обуки за параправници.

# 2.2.

## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ДОКАЗИ ЗА ПОТРЕБАТА ОД ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПРАВНА ПОМОШ ОД СТРАНА НА ГО СО ЦЕЛ РЕШАВАЊЕ НА ПРАВНИ ПОТРЕБИ НА СИРОМАШНИТЕ И РАНЛИВИ ГРУПИ НА ГРАЃАНИТЕ И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ДОКАЗИ ЗА ОЛЕСНУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ ДО ПРАВДА

Во 2018 година како партнер на Коалиција Маргини, продолживме со спроведување на активностите со цел промовирање на владеењето на правото на национално и меѓународно ниво и обезбедување на еднаков пристап до правдата за сите, како една од Целите за одржлив развој на Обединетите нации. Оваа година се фокусиравме на собирање на релевантни податоци за имплементацијата на оваа развојна цел во нашата држава, како и на промовирање на значењето на пристапот до правда помеѓу надлежните институции и граѓански организации. За таа цел, утврдивме листа на индикатори кои ни послужија како основа за собирање и анализирање на сите извори на податоци за спроведувањето на оваа развојна цел во нашата земја. Ги собравме сите јавно достапни податоци на ова поле и обезбедивме дополнителни информации преку барања со пристап до информации од јавен карактер за основните судови и прашалници за граѓанските организации кои

обезбедуваат правна и параправна помош за ранливите групи на граѓани. Преземавме посебни чекори за унапредување на постоечкиот систем на собирање на податоци во однос на имплементацијата на оваа развојна цел во нашата држава. На средба со Државниот завод за статистика застапувавме за проширување на обемот на податоци кои оваа институција ги собира од надлежните институции вклучени во обезбедувањето на еднаков пристап до правда. Паралелно, одржавме средба со граѓанските организации на која ги разгледувавме можностите за унифицирано собирање на податоци во однос на ранливите групи на граѓани.

Во 2018 година продолживме со утврдување на трошоците и придобивките од обезбедување на различните видови на правна помош. Целта на овие активности е да се утврди цената на чинење на трите различни форми на правна помош за сиромашните. Од увидот во податоците може да се заклучи дека најчесто пријавени трошоци од страна на ранливите групи на граѓани во нивниот пристап до правда се следните: трошоци за превоз, трошоци за иницирање на судска постапка, административни трошоци. Намерата не е да се покаже дали една форма на правна помош чини помалку или повеќе, туку да се направи проценка на тековните трошоци за обезбедување на услуги, да се нагласи кој ги покрива тие трошоци и да се процени кои трошоци треба да ги покрие државата за да обезбеди ефективен пристап до правда.

Во 2018 година продолживме со собирањето на податоци за трошоците и квалитетот на пристапот до правда за жените кои претрпеле семејно насилство. Најпрво, на почетокот на годината беа спроведени последователни интервјуа со корисничките на ЦПП од претходната 2017 година, во однос на следното: времето поминато во барање на правна помош; квалитет на услугата која е обезбедена од страна на ЕСЕ; доживеаниот емоционален стрес. Заради објективност и непристрасност на овој процес, интервјуата (вкупно 34) ги спроведе надворешно лице ангажирано од страна на ЕСЕ. Од добиените податоци можат да се извлечат следните заклучоци: две третини од корисничките на ЦПП потрошиле помалку од две недели во барање на правна помош; жените кои претрпеле семејно насилство во голема мера се задоволни од правните услуги обезбедени од страна на ЕСЕ; жените кои претрпеле семејно насилство го идентификуваат насилството како главен проблем кој сериозно го нарушува нивното ментално здравје, додека комуникацијата со институциите и постапките за нивна заштита (иако неефективни) повеќе се перципираат како начин за разрешување на самиот проблем. По обработката на податоците за оперативните трошоци на ЦПП, трошоците на клиентите и податоците од последователните интервјуа, беше подготвена анализа на трошоци и придобивки од обезбедување на правна помош за жените кои претрпеле семејно насилство. Оваа година продолживме со собирањето на податоци за трошоците на клиентите, при што беа собрани податоци за вкупно 182 жени кои побарале правна помош од Центарот за правна помош на ЕСЕ. Од увидот во прашалниците може да се види дека сите клиенти имаат пријавено

трошоци за превоз. Голем дел од клиентите имале и трошоци за иницирање на судска постапка, односно мал дел од клиентите биле ослободени од плаќањето на овие трошоци. Ваквото континуирано собирање на податоците преку ЦПП ќе овозможи периодично споредување на состојбите на ова поле, со цел утврдување на трендови, како и дефинирање на соодветни препораки за унапредување на правната заштита и пристапот до правдата за жените кои претрпеле семејно насилство.

Во 2018 година ја интензивиравме соработката со четири основни судови, со цел собирање на податоци за степенот на користење на сиромашкото право (ослободување од плаќање на судски такси и други трошоци во постапката) во граѓанските судски постапки од страна на ранливите групи на граѓани. Последователно на собирањето на податоци од судовите, спроведовме и 30 интервјуа со корисничките на ЦПП во однос на истото прашање. Од добиените податоци од судовите може да се извади заклучок дека правото на ослободување од судски такси и другите трошоци во постапката речиси воопшто не се користи во пракса. Ваквата ситуација делумно се должи на недоволната информираност на населението за можноста за користење на сиромашкото право, што беше потврдено од податоците од спроведените интервјуа со корисничките на услуги на ЦПП кои претходно имале иницирано судски постапки. Имено, од вкупно 30 жени кои имале иницирано судски постапки, само четири поднеле формално барање за ослободување од судски такси. Само една жена била информирана од страна на судот дека постои можност да биде ослободена од плаќањето на судските такси и другите трошоци во постапката, додека дури 26 од 30 жени ваквата информација ја добиле од ЦПП при ЕСЕ. Дополнително, половина од испитаните жени не знаеле дека сиромашкото право опфаќа и бесплатно судско застапување од страна на адвокат, додека нешто помалку од половина (12) не биле информирани за можноста да бидат ослободени од плаќање на трошоци за вештачење во текот на постапката. Овие наоди ќе бидат основа за подготовка на извештај во кој ќе биде нагласено дека и покрај законските можности, во пракса не функционира сиромашкото право, по што ЕСЕ ќе преземе соодветни активности за информирање на јавноста за ова право и застапување пред надлежните институции.

Со цел унапредување на пристапот до правда за Ромите во 2018 година ја обезбедивме потребната техничка помош и поддршка на три Ромски организации за обезбедување на параправна помош во локалните ромски заедници во Шуто Оризари, Делчево, Пехчево и Виница. Односно покрај споменатите активности за зајакнување на познавањата и вештините на параправниците, работевме на понатамошно унапредување на начинот и системот за собирање на податоци за лицата кои побарале и на кои им е обезбедена параправна помош. Во насока на унапредување на постапувањето на параправниците во индивидуалните случаи на прекршување на правата на лицата кои се обраќаат за помош и поддршка во 2018 година оствАривме по една посета во трите партнерски организации, вкупно три. По

секоја посета изготвен е извештај за унапредување на одредени аспекти од работењето. Дополнително, соодветно на потребите ЕСЕ на барање на партнерските организации обезбеди консултација и помош околу обезбедување на потребната стручна правна помош.

# 2.3.

## ПОДОБРУВАЊЕ НА ПРАВНАТА ЗАШТИТА НА ЖЕНИТЕ КОИ ПРЕТРПЕЛЕ НАСИЛСТВО

Во текот на 2018 година ЕСЕ продолжи да презема суштински чекори за унапредување на правната заштита на жените кои претрпеле насилство. Оваа година заедно со Акција Здруженска, ЛА СТРАДА и Коалицијата Маргини го поднесовме паралелниот извештај кон Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените, по што претставник на ЕСЕ учествуваше на 71-вата сесија на Комитетот за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените на ОН, која се одржа во периодот од 22-ри октомври до 07-ми ноември во Женева. Се фокусиравме на одделни човекови права и области кои се од особено значење за надминување на родовата нееднаквост, како што се вработувањето, здравствената заштита, правната заштита на жените жртви на насилство, родовата машинерија и др. Со ова придонесовме за зголемување на меѓународниот притисок врз нашата држава за спроведувањето на меѓународно прифатените стандарди за заштита на женските човекови права.

Во иста насока, во соработка со Хелсиншки Комитет за човекови права на Македонија работевме на промовирањето на Конвенцијата за борба против насилството врз жените и семејното насилство на Совет на Европа (Истанбулска конвенција). ЕСЕ подготви и спроведе три обуки за практична примена на оваа конвенција за претставниците на ЕЛС (единиците на локална самоуправа), Центрите за социјална работа, полицијата, здравствените установи, образовните институции и граѓанските организации од Велес, Куманово и Гостивар.

Во текот на оваа година продолживме да застапуваме за подобрување на правната заштита на жените кои претрпеле семејно насилство. На почеток на 2018 година претходно подготвените препораки од Анализата на законската рамка и институционалниот одговор, како и од наодите од судското набљудување на предмети поврзани со насилство врз жените ги доставивме до надлежните министерства за натамошно усвојување. Станува збор за сеопфатни препораки за унапредување на правната заштита на жените жртви на разни форми на насилство: семејно насилство, трговија со луѓе, насилство врз сексуални работнички. Притоа, беа доставени генерални препораки за унапредување на системот на прибирање на податоци и континуирана едукација на стручните лица од институциите, како и

конкретни препораки за подобрување на правната рамка за заштита, како и постапувањедто на институциите вклучени во системот на заштита на жени жртви на насилство.

Последователно, ги интензивиравме нашите напори за унапредување на системот на правната заштита против семејно насилство. Па така, во рамките на Проектот на УСАИД за граѓанско учество продолживме со напорите на полето на оценка на степенот на правна и судска заштита за жените кои претрпеле семејно насилство. Ја ревидиравме методологијата и прашалниците за судско набљудување и продолживме со тековно собирање на податоци за постапувањето на судиите во граѓанските и кривичните предмети за семејно насилство. Во текот на 2018 година беа набљудувани 226 судски рочишта за семејно насилство во основните судови Основен суд Скопје 1, Основен суд Скопје 2, Основен суд Битола, Основен суд Тетово, Основен суд Велес, Основен суд Штип, Основен суд Радовиш, Основен суд Гостивар, Основен суд Куманово и Основен суд Прилеп. Паралелно, спроведовме увид во 33 завршени кривични предмети за семејно насилство и подготвивме продлабочена анализа во однос на одделните аспекти од постапувањето на судиите во постапките кои се водат за кривичните дела од ваков вид. Наодите од судското набљудување ги користиме за подготовка на препораки за унапредување на судската заштита за жените кои претрпеле семејно насилство, но, и за преземање на конкретни активности за забрзување на неопходните реформи на граѓанскиот и кривичниот систем за заштита од семејно насилство. Во оваа насока, заедно со судиите подготвивме правила/насоки за постапување на судиите во граѓанските постапки за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство. Во текот на 2019 година ќе подготвиме и соодветни измени и дополнувања на кривичното законодавство и предлози за унапредување на останатите релевантни закони (Законот за бесплатна правна помош и Законот за заштита од родово базирано насилство). Паралелно со нашите напори за подобрување на постапувањето на судиите, во континуитет преку водичите ги информираме жените кои претрпеле семејно насилство за законските можности за нивна заштита и ги охрабруваме да го пријават насилството и да иницираат судска постапка. Покрај информирањето, преку ЦПП продолживме со обезбедување на специјализирана бесплатна правна помош и психолошко советувалиште кои им се неопходни на жените кои претрпеле семејно насилство. Правна помош, односно правни совети и подготовка на писмени поднесоци беше обезбедена на вкупно 182 лица, односно за 130 нови и 52 постоечки клиенти во Центарот за правна помош. Жените најчесто се обраќаа за бракоразводни постапки, при што беа подготвени вкупно 52 тужби за развод на брак, три тужби за промена на судска одлука-старателство, седум тужби за плаќање на издршка за малолетно дете, една тужба за делба на имот, две тужби за иселување од домот и еден предлог за одземање на родителско право. За дел од жените беше обезбедена правна помош во постапките за изрекување на привремени мерки за заштита (ПМЗ) од семејно насилство, при што беа подготвени вкупно 21 предлог за изрекување на ПМЗ. Исто така, беа подготвени и 15 кривични пријави до ОЈО, две

жалби до Апелационен суд, две тужби до Управен суд и 82 други писмени поднесоци. Обезбедивме психолошко советување на вкупно 51 лице.

Во текот на 2018 година продолживме да ја информираме јавноста за проблемот со насилството врз жените, односно семејното насилство, со цел зголемување на општествената поддршка за жените жртви на насилство. Во периодот од 25-ти ноември до 10-ти декември 2019 година, во рамките на „Меѓународните 16 дена активизам против насилството врз жените“, ЕСЕ секоја година организира кампања за општата и стручна јавност, со цел информирање на јавноста за семејното насилство и можностите за заштита на жртвите. Оваа година кампања беше спроведена со поддршка на познати јавни личности. Земајќи учество во кампањата Јана Бурче, пејачка и водителка на естраден магазин МРТВ; Кристијан Манев, влијателен твитерџија и ТВ монтажер; Катарина Ивановска, модел; Драги Павловски-презентер на вести, Алсат ТВ; Кристина Весиќ, радио водителка во Метрополис радио и ТВ водителка во „Ексклузив“ 1ТВ; Марија Давчевска, модел; Роберт Јанков, „Здраво Македонијо“, Канал 5; Милан Димитриески, кошаркар; Драгана Левенска, актерка во МНТ; Јетмир Заќири, кошаркар; Сара Дамчевска, модел; Владимир Блажев-Панчо ДНК, пејач; Милена Танасовска, моден уредник „Unique“ магазин; Мирко Попов, автор и продуцент; и Алек Наумовски, манекен, топ модел и сопственик на модната агенција „Моделс Ин“ дадоа придонесоа кон поголемо препознавање на овој вид на насилство, како и пренесувањето на пораката за нетолеранција и забрана на истото.

Подготвивме материјали за подигање на свесноста, односно во рамките на кампањата подготвивме постер со познати личности од нашата земја, при што секој ден за време на кампањата, на социјалните медиуми објавувавме една фотографија од јавна личност со мотивациска порака за поддршка на жените кои претрпеле семејно насилство. Дел од пораките кои беа упатени се следните: „Престанете да го толерирате насилството кое се случува пред вашите очи. Одберете крај за секоја една, пријавете го насилството! “; Денес и секој ден да градиме свет во кој жените и девојчињата ќе живеат без насилство. Ние ја имаме силата, одбери крај за свет без насилство и др. Со објавувањето на пораките на социјалните медиуми на фејсбук профилот на ЕСЕ за време на кампањата опфативме повеќе од 35.000 лица. Подготвениот постер со јавни личности беше објавен и на првата страница на весникот "Слободен печат". Исто така, подготвивме дизајни за креативна налепница и постер со основни информации за Центарот за правна помош за жените кои претрпеле семејно насилство кои за следната година можат да бидат отпечатени и дистрибуирани.

За време на кампањата беа организирани повеќе настани за медиумите, односно присуствувавме на настан организиран од страна на УСАИД и гостувавме на емисии на националните телевизии. На Facebook Live настанот со УСАИД се зборуваше за глобалниот проблем со родово заснованото насилство, при што фокусот беше

ставен на семејното насилство, односно мерките кои треба да бидат преземени на национално, регионално и меѓународно ниво со цел справување со семејното насилство. Покрај овој настан, претставници на ЕСЕ гостуваа на две телевизиски емисии на националните телевизии, односно на емисијата “Најдобри совети” на Канал 5 и “Што сега” на МРТВ. Нашата кампања беше тема на денот во емисијата “Здраво Македонијо” на телевизија Канал 5.

Здружението ЕСЕ по повод новогодишните празници, секоја година организира посебни настани за жените кои претрпеле семејно насилство (корисначки на ЦПП) и нивните деца. Во периодот од 21-ри до 26-ти декември 2018 година, организиравме неколку настани. Односно, организиравме посета на компанијата "Витаминка" во Прилеп на 20-ти декември. Овој настан беше организиран за 15 деца и нивните родители. За време на посетата децата имаа можност да се запознаат со процесот на производство на еден производ во фабриката. Исто така, беа информирани како се прават нивните омилени производи, ги дегустира производите и на крајот добија новогодишни подароци. За спроведување на оваа активност Град Скопје донираше средства за превозот, додека компанијата "Витаминка" донираше 23 новогодишни подароци за децата. Средствата за храна за децата и родителите беа обезбедени преку проектот на УСАИД за граѓанско учество. Организиравме и посета на коњаничкиот клуб "КК Барбадос", Скопје, на 25-ти декември. Овој настан беше организиран за 16 деца и нивните родители. За време на посетата за децата беше обезбедено два часа јавање на коњи, при што беа информирани за начинот на хранење и водење грижа за коњите. Од страна на коњаничкиот клуб беше обезбеден коктел за децата и новогодишни подароци. Оваа година обезбедивме новогодишни пакетчиња и јакни за децата и родителите. Па така, во периодот од 24-ти до 27-ми декември во канцелариите на ЕСЕ беше организирано доделување на 67 новогодишни пакетчиња , донација од компанијата Макпрогрес, како и 150 јакни за децата и нивните родителите, донација од Македонски центар за граѓанско образование - МЦГО.

# 3

# УНАПРЕДУВАЊЕ НА ФИСКАЛНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ИНСТИТУЦИИТЕ ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНИТЕ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА



# 3.1.

## ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСНОСТ ЗА ЗНАЧЕЊЕТО НА ФИСКАЛНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ПОТРЕБАТА ОД БУЏЕТИРАЊЕ ЗАСНОВАНО НА ПРИОРИТЕТИ

Во 2018 година во континуитет работевме на подигнување на свесноста на пошироката јавност за важноста од фискална транспарентност и потребата од зголемување на сегашното ниво на транспарентност на јавните институции, преку обезбедување на информации и едукативни материјали и видеа во рамки на нашата кампања на социјалните медиуми "Фискална Транспарентност Македонија" и тематската интернет страница www.fiskalnatransparentnost.org.mk. Во рамки на кампањата подготвивме и објавивме 310 поединечни информации и видеа, а истите преку социјалните медиуми беа посетени во 289.703 наврати. Додека пак, содржините објавувани на интернет страница допреа до 4.500 лица.

Во текот на годината работевме и на подигнување на свесноста на пошироката јавност за правото на вработување и пристап до активни мерки и услуги за вработување, преку обезбедување на информации, материјали и видеа на нашата тематска интернет страница www.socijalnaotcetnostzarodovaednakvost.mk и кампањата на социјалните медиуми на ЕСЕ и на четирите локални партнерски организации. Во рамки на кампањата подготвивме и објавивме приближно 427 поединечни информации и видеа, а истите беа посетени во 724.654 наврати. Додека пак, содржините објавувани на интернет страница допреа до 1.112 лица.

ЕСЕ во континуитет ја запознава јавноста со резултатите од своето работење преку кампањата на социјалните медиуми и нашата интернет страница www.esem.org.mk. Во рамки на кампањата подготвивме и објавивме 447 поединечни информации и видеа, а истите беа посетени во 1.068.138 наврати. Преку содржините кои ЕСЕ ги објавува на својата интернет страница ЕСЕ допре до 6.900 лица.

# 3.2.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА СТЕПЕНОТ НА ФИСКАЛНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ НА ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ

Како резултат на активностите спроведени во однос на оценување на проактивната транспарентност на јавните институции го подготвивме Извештајот за нивото на проактивна транспарентност за 2017 година, кој ја прикажува достапноста на 16 клучни буџетски документи на интернет страниците на 25 јавни институции. Овој извештај се користи од јавните институции, граѓанските организации и медиумите

на национално ниво како релевантен извор на информации за презентирање на состојбите и напредокот во проактивното објавување на програмски и буџетски документи; иницирање и спроведувањена реформите во јавниот систем во РМ од овој домен; како и за преземање на чекори за зголемување на бројот на документи и информации кои ќе бидат објавени од страна на јавните институции.

Покрај проактивната, во 2018 година ја оценувавме и реактивната транспарентност и како резултат на тие активности го подготвивме Извештајот за нивото на реактивна транспарентност за 2017 година, кој го прикажува исполнувањето на обврските кои произлегуваат од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер од страна на 66 јавни институции. Кон овие институции беа спроведени 1.338 постапки за слободен пристап до информации од јавен карактер. Како и претходните и овој извештај се користи од јавните институции, граѓанските организации и медиумите на национално ниво како релевантен извор на информации за презентирање на состојбите и напредокот во постапувањето на јавните институции по Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер; иницирањето и спроведувањето на реформите во јавниот систем во РМ од овој домен; како и за преземањето на чекори за унапредување на постапувањето на јавните институции во постапките за пристап до информации од јавен карактер. Со цел осигурување на континуитетот во напредокот на јавните институции во примената на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, ЕСЕ во 2018 година спроведе 1.230 постапки за барање на информации од јавен карактер пред 86 јавни институции и инцираше 233 жалбени постапки.

Во 2018 година продолживме да го следиме и спроведувањето на 2.753 постапки за јавни набавки од страна на 62 здравствени институции во периодот 2016 - 2017 година и во соработка со консултантката Деби Бадлендер изработивме нацрт - извештај за напредокот/уназадување во работата на институциите во овој домен.

# 3.3.

## ЗАСТАПУВАЊЕ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕТО НА НИВОТО НА ФИСКАЛНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

Во 2018 година презедовме низа активности во однос на предлагање на решенија за унапредување на состојбите. Но, покрај предлагањето на решенија го следевме и спроведувањето на усвоените мерки по однос на фискалната транспарентност и пристапот до информации. Имено, врз основа на наодите од спроведениот мониторинг на нивото на реактивна и проактивна транспарентност на јавните институции ЕСЕ подготви и достави препораки до повеќе од 91 јавна институција.

Во 2018 година, на покана на Министерот за здравство, ЕСЕ присуствуваше на една средба со Министерот и претставници на неговиот кабинет, на која ги информиравме за активностите кои ЕСЕ ги спроведува на полето на фискална транспарентност, со посебен фокус на јавните набавки и фискалното работење. Покрај претставувањето на активностите кои ЕСЕ ги спроведува на ова поле, на состанокот беа презентирани и доставени клучните наоди и препораки до кои ЕСЕ дојде преку спроведување на активностите во рамки на овој стратешки приоритет. На средбата министерот и неговиот кабинет ветија дека ќе преземат чекори за надминување на истите.

Во 2018 година како резултат на активното учество на ЕСЕ во подготовка на Акцискиот план за Отворено владино партнерство за 2018 – 2020 година, Владата на РМ усвои пет препорачани мерки за унапредување на фискалната транспарентност и пристапот до информации од јавен карактер, и тоа: континуирано објавување на годишни програмски и буџетски извештаи за спроведувањето на здравствените програми од буџетот на Министерството за здравство, пилотирање на методологиите за социјална отчетност на Програмата за заштита на населението од ХИВ/СИДА, развивање на формат за програмско и буџетско известување и континуирано објавување на сумарен годишен извештаи за спроведувањето на активните политики за вработување финансирани преку буџетот на АВРМ, пилотирање на методологиите за социјална отчетност на Оперативниот план за активни мерки и услуги за вработување, и спроведување на теренска кампања за информирање на јавноста за правото на пристап до информации од јавен карактер.

Додека пак, како резултат на континуираното учество во постојаните работните групи за фискална транспарентност и пристап до информации во процесот на Отворено владино партнерство за 2016 – 2018 година, Министерството за здравство со техничка помош и поддршка од ЕСЕ подготви и објави програмски и буџетски извештаи за 19 превентивни и куративни здравствени програми и ја селектираше Програмата за заштита на населението од ХИВ/СИДА како програма за пилотирање на методологиите на социјална отчетност. Дополнително, во соработка со Комисијата за заштита на правото на во 2018 година беше развиен и промовиран видео спот за промоција на правото на пристап до информации од јавен карактер на македонски, албански и знаковен јазик. Видео спотот беше емитуван од девет национални и локални ТВ медиуми (ТВ Дуе Гостивар, ТВ Калтрина Струга, ТВ Плус Куманово, ТВ Телма од Скопје, Македонска Радио Телевизија, Радио Кавадарци, Телевизија 3 Дебар, ТВ Гура Кичево и ТВ Стар).

Како резултат на севкупните напори на ЕСЕ за унапредување на функционирањето на фискалниот систем во РМ и унапредување на нивото на фискална транспарентност, ЕСЕ учествуваше на еднодневна средба и достави свои предлози за изработка на електронски систем за објавување на тековни трезорски промени




# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ 2018 – ДЕКЕМВРИ 2018

| Приходи | износ во МКД |
|---|---|
| **1. Пренесен дел на вишокот на приходите од претходна година** | **5,122,196** |
| **2. Приходи од камати и курсни разлики** | **9,242** |
| **3. Приходи од донации, членарини и подароци** | **25,118,960** |
| - ФООМ (Фондација Отворено Општество) | 14,279,653 |
| - Европска Комисија | 5,481,357 |
| - Ист Вест институт за менаџмент | 3,820,181 |
| - УСАИД | 30,829 |
| - Останати приходи | 1,506,940 |
| **Вкупно** | **30,250,398** |

| **Расходи** | **износ во МКД** |
|---|---|
| - Расходи за материјални трошоци, услуги и амортизација | 4,182,454 |
| - Расходи за капитални и други средства | 632,591 |
| - Расходи за помош, донации и други средства | 17,662 |
| - Расходи за плати и надомест за плати | 6,766,433 |
| - Други расходи | 8.786,136 |
| **Вкупно** | **20,385,276** |

**ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА, СОЛИДАРНОСТ И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ**

**www.esem.org.mk**